# 15. МАРИКА МОМА УБАВА

Крај: Тиквеш, Кавадарци
Пеел: Младен Тодоров
Роден: Кавадарци, 1915 год.
Мелограф.: Ал. Линин

Лента бр.: неснимена
Забележена: Кавадарци, Тиквеш
меѓу 1932 и 1938 год.
Мелограф.: Кавадарци, 1932—36 г.




1. Марика мома убава,
Марика турски карамфил,
девет години носена,
по ергенските цепови.

2. Прва година отидоф,
Марика да ја посакам,
мајка ѝ ми вели, говори:
— Малка е наша Марика.

3. Фтора година отидов,
Марика да ја посакам,
мајка ѝ ми вели, говори:
— Болна е наша Марика.

4. Трета година отидов,
Марика да ја посакам,
мајка ѝ ми вели, говори:
— Почина наша Марика.

Забелешка: Третиот и четвртиот мелостих во мелострофата се пеат по двапати.

Линин, Александар. Тиквешки народни песни. Скопје: Мисла 1978